ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 21-148/9**

**Дата: 17.10.2011**

**ДО**
**НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ПРИРОДОНАУЧЕН МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Националната установа Природонаучен музеј на Македонија-Скопје (во натамошниот текст НУ Природонаучен музеј на Македонија) на сметката на основен буџет, за 2010 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Ревизијата изрази мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за годината што е предмет на ревизија, а за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива ревизијата изрази негативно мислење.

Со ревизијата е констатирано дека кај НУ Природонаучен музеј на Македонија - Скопје, ненаменски се потрошени средства кои се добиени од Министерството за култура за реализација на проекти утврдени со Годишниот договор склучен помеѓу Министерството за култура и НУ Природонаучен музеј на Македонија - Скопје, не е извршен целосен попис на средствата согласно законските прописи и утврдени се слабости во постапките за јавни набавки на материјали и услуги.

Со цел подобрување на состојбата ревизијата препорачува, да се обезбеди наменско користење на средствата добиени од Министерството за култура, да се организира целосен и квалитетен попис на средствата и набавките на материјали и услуги да се вршат согласно утврдените постапки со Законот за јавни набавки.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 11 до 13 заедно со ревизија на усогласеност на НУ Природонаучен музеј на Македонија- Скопје на сметката на основен буџет за 2010 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2010 година, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на НУ Природонаучен музеј на Македонија- Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Љубенка Георгиевска, вд директор до 31.08.2010 година, и
- Исмет Мехмети, директор од 31.08.2010 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на НУ Природонаучен музеј на Македонија- Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизија на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 17.06.2011 до 24.07.2011 година кај НУ Природонаучен музеј на Македонија-Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 17.08.2011 година.

На ден 27.09.2011 година со писмо бр. 03-490/2 од 24.09.2011 година примени се забешки на точките 3.1.1., 3.1.2. и 3.3.1. од Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 21-148/3 од 26.08.2011 година.
Забелешките се разгледани и истите се одбиени како неосновани, поради тоа што не содржат битни елементи и соодветни нови докази за промена на утврдените наоди од страна на ревизијата. Дел од забелешките се однесуваат на толкување на законските прописи или наведување на причините за утврдените состојби.

Текстот на забелешките и одговорот на забелешките по Нацрт извештајот се дадени како прилог кон Конечниот извештај.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2010 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Управниот одбор на НУ Природонаучен музеј на Македонија- Скопје на 25.02.2010 година донел Одлука со која треба да се одделуваат по 10% од вкупно доделените средства за режиски трошоци од секој проект поединечно и истите да се пренаменат за покривање на трошоците за тековно работење на Музејот, што не е во согласност со член 66 став 2 од Законот за култура согласно кој единките-корисници се должни наменски да ги користат средствата добиени од Министерството за култура. Согласно оваа Одлука во 2010 година од обезбедените средства за проекти пренаменети се 171 илјади денари за покривање на тековните трошоци на Музејот. Во 2010 година дел од проектите предвидени со Годишниот договор склучен со Министерството за култура не се целосно реализирани поради несоодветна динамика на прилив на финансиски средства и покрај навремените побарувања на средства од страна на Музејот, поради што дел од средствата обезбедени за реализација на проектите во износ од 747 илјади денари не се потрошени.
Примената на ваквата одлука на Управниот одбор допринесува за ненаменско трошење на средствата и може да влијае на квалитетното и навремено реализирање на проектите утврдени со Годишниот договор со Министерството за култура.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење на Музејот да обезбедат наменско користење на средствата добиени од Министерството за култура за реализација на проектите утврдени со Годишниот договор склучен помеѓу Министерството за култура и НУ Природонаучен музеј на Македонија - Скопје.

3.1.2. На ден 02.03.2009 година, со решение од Министерот за култура именуван е работоводен орган, вршител на должноста директор на НУ Природонаучен музеј на Македонија- Скопје, од редот на вработените (до завршување на постапката по распишан конкурс, но не подолго од шест месеци). Министерот за култура уште два пати по истекот на шест месеци, со решение од 01.09.2009 година и со решение од 01.03.2010 година го именувал истото лице за вршител на должноста директор. На овој начин министерот за култура не постапил во согласност со одредбите од член 33 од Законот за култура, член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа и член 14 од Статутот на Установата бидејќи наведените законски акти не предвидуваат можност за повторно именување вршител на должност директор на Установата. Со ваквото постапување раководењето на Установата е доверено на лице кое нема статус на директор.

По истекот на вториот мандат на вд директорот, министерот за култура со решение од 31.08.2010 година извршил избор на директор на НУ Природонаучен музеј на Македонија - Скопје.

**3.2. Финансиски извештаи**

**Биланс на состојба**

3.2.1. Ревизијата не се увери во реалноста и објективноста на искажаната состојба на постојаните средства и ситниот инвентар во Билансот на состојба проценети во износ од 25.049 илјади денари, поради нецелосно спроведени активности со пописот на ден 31.12.2010 година, на начин уреден со членот 28 до член 35 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и со член 20 и член 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Причина за тоа се следниве утврдени состојби:

- Не е извршен попис на книгите во библиотеката од 1984 година, со што е надминат законски утврдениот рок за вршење на попис кој треба да биде пократок од пет години;
- Не е извршен попис на материјалните средства во подготовка;
- Не е извршено означување на сите средства со инвентарни броеви;
- Одлуките од Управниот одбор за усвојување на извештаите од пописната комисија за попис на основни средства и ситен инвентар се донесени на 22.02.2010 година, односно по законски утврдениот рок до 08.02.2010 година;
- Не е извршено сметководствено отпишување на опремата утврдена како расход со пописот за 2010 година, поради тоа што Одлуката од Управниот одбор за усвојување на извештајот и предлог расходната листа на основни

средства не се навремено донесени и доставени до сметководството. Во текот на ревизијата извршено е отпишување на опремата утврдена како расход со пописот од 2010 година, со што е надмината наведената состојба;

– Со состојба на ден 31.12.2010 година извршен е попис на филателистички материјал - поштенски марки кои се набавени пред повеќе од 20 години и чија номинална вредност е изразена во динари од поранешна СФРЈ. За извршениот попис пописната комисија изготвила Записник со кој дава забелешка дека за утврдување на вредноста на поштенските марки изразена во денари Музејот ќе побара стручна помош од Бирото за филателија. До периодот на вршење на ревизијата не се преземени активности за утврдување на реалната вредност на поштенските марки изразена во денари.

**Препораки:**

- Директорот на Музејот да организира попис на книгите во библиотеката и филателистичкиот материјал со кои располага Музејот на начин како што е предвидено со Законот и со Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници,
- Управниот одбор/органот на управување своето работење и извршување на надлежностите кои се однесуваат на пописот да ги врши во рок и на начин како што се предвидени со Законот за култура, Статутот на Установата и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

## 3.3. Користење на средствата согласно законските прописи

**Јавни набавки**

Со цел стекнување уверување за усогласеноста на користењето на средствата на НУ Природонаучен музеј на Македонија - Скопје за 2010 година согласно Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и на реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

3.3.1. Со извршениот увид во евиденциите за спроведените постапки со барање за прибирање на понуди и досиејата од спроведени постапки за јавни набавки кај дел од избраниот примерок, утврдени се поединечни неправилности, кои се однесуваат на следното:

– Планот за јавни набавки не е донесен во законски предвидениот рок туку со задоцнување од пет месеци, истиот не е усвоен и потпишан од страна на Управниот одбор, што не е во согласност со член 26 став 2 од Законот за јавни набавки. Причините за ненавременото донесување на планот, одговорните лица на Музејот ги лоцираат во покасното склучување на договорите со Министерството за култура во кои се предвидени активностите за проектите од дејноста;

- Директорот на Установата не определил лице за следење на реализацијата на договорите односно проверка на фактурите во однос на договорите – тендерите по вид, количина и цена на производите и услугите, што не е во согласност со член 29 став 2 од Законот за јавни набавки;
- Досиејата за постапките не содржат изјави за постоење/непостоење на судир на интереси, што не е во согласност со член 173 од Законот за јавни набавки.

3.3.2. Во 2010 година извршени се набавки на стоки и услуги во вкупен износ од 144 илјади денари, врз основа на две спроведени постапки со барање за прибирање на понуди, при што е утврдено следното:

- пристапено е кон доделување на договор за јавна набавка на услуга при што понудата на економскиот оператор не е во целост пополнета односно не се понудени цени за сите услуги кои се предвидени со тендерската документација, што не е во согласност со член 129 и 134 од Законот за јавни набавки;
- не се почитувани законските рокови на испраќање на известување за извршен избор на најповолен понудувач и склучување на договори, што не е во согласност со член 167 и член 208 став 2 од Законот за јавни набавки.

3.3.3. Со увидот во документите за спроведените постапки со барање за прибирање на понуди и досиејата од спроведени постапки за јавни набавки ревизијата утврди проширување на асортиманот на производите за набавка на средства за хигиена, репрезентација и канцелариски материјал во вкупен износ од 30 илјади денари, за кои не е спроведена дополнителна постапка со преговарање без претходно објавување на оглас, што не е во согласност со член 99 став 4 од Законот за јавни набавки.

3.3.4. Во 2010 година извршени се плаќања за услуги за фумигација, дезинсекција, дератизација, испорака и монтажа на расветни тела, панични светилки, флуо цевки, стартери, набавка на противпожарни апарати, држач за ППА, мерење на громобран инсталација, мерење на отпор на заштитно заземјување и слично, во вкупен износ од 189 илјади денари. За овие набавки не е спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка, што не е во согласност со Законот за јавни набавки.

**Препорака**

НУ Природонаучен музеј на Македонија- Скопје да обрне внимание на спроведување на постапките при набавки од мала врденост по пат на прибирање на понуди, со што ќе обезбеди фер конкуренција, еднаква положба на понудувачите и економичност при набавките.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесеното во точка 3.2.1. погоре ревизијата утврди потценување на позицијата материјални средства прикажани во Билансот на состојба на ден 31.

декември 20010 година поради неизвршен попис и непроценета вредност на книгите во библиотеката, како и необјективно прикажување на позицијата хартии од вредност за филателистички материјал.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 3.2.1., финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на НУ Природонаучен музеј на Македонија - Скопје на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со законите и прописите**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.1.1; 3.2.1. и 3.3. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на НУ Природонаучен музеј на Македонија- Скопје - сметка на основен буџет, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

## 5. Прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања

Во текот на ревизијата е спроведена корекција во Билансот на состојба на ден 31.12.2010 поради несоодветна евиденција на хартии од вредност- поштенски марки во износ од 27 илјади денари. Корекцијата е спроведена во налог за книжење бр.05/002 од 30.06.2011 година.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност

Обрнуваме внимание дека НУ Природонаучен музеј на Македонија-Скопје е корисник на недвижен имот- објект со површина од 3.600 м2 кој се наоѓа на КП бр.500 КО Карпош, а дел од работните простории во истиот објект се отстапени на трајно користење на ЈУ Зоолошка Градина-Скопје, која од пред неколку години има статус на локална установа. За просторот кој заеднички го користат двете установи не е направена физичка делба и не е склучен договор за заедничко користење на просториите во објектот.

Во 2005 година НУ Природонаучен музеј на Македонија-Скопје со писмен акт доставен од страна на Јавното правобранителство на РМ, е известена дека објектот е внесен во евиденцијата во Државниот завод за геодетски работи и за истиот има востановено имотен лист број 5012 на КО Карпош-Министерство за култура, како носител на правото на недвижноста.

На иницијатива на Министерството за култура, а по поднесен предлог од ЈУ Зоолошка Градина-Скопје, во 2008 година отпочнати се преговори помеѓу двете установи за физичка поделба на објектот. Преговорите со ЈУ Зоолошката Градина се уште не се завршени, но двете институции се согласни дека треба да склучат договор за физичка поделба на објектот на начин со кој ќе се запазат интересите на двете страни, ќе се овозможи понатамошно непречено функционирање на истите во објектот и ќе се максимизираат условите за обавување на нивната дејност.

Во 2011 година, по барање на НУ Природонаучен музеј на Македонија-Скопје, од страна на Агенцијата за катастар на недвижности, Скопје издаден е имотен лист во кој како носител на правото на сопственост е внесен Градот Скопје. За настанатата промена на носителот на правото на сопственост НУ Природонаучен музеј на Македонија -Скопје како корисник на објектот на музејската зграда, нема добиено никаков документ или известување од страна на Министерството за култура.
Во тек е постапка на утврдување на причините за настаната внесена промена во имотниот лист на НУ Природонаучен музеј на Македонија-Скопје како корисник на објектот. Според објаснувањата на одговоното лице добиена е информација од страна на стручната служба на Министерството за култура дека предметот е доставен до Јавното правобранителство за понатамошно постапување, односно утврдување на причините за настаната промена во имотниот лист на НУ Природонаучен музеј на Македонија-Скопје.

Скопје, 07.10.2011 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година**

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **2010** | **2009** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 11.189 | 10.578 |
| **Вкупно приходи** | **11.189** | **10.578** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 7.687 | 8.279 |
| Резерви и недефинирани расходи | 0 | 30 |
| Стоки и услуги | 2.865 | 1.827 |
| Субвенции и трансфери | 95 | 69 |
| **Вкупно тековни расходи** | **10.647** | **10.205** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 542 | 373 |
| **Вкупно капитални расходи** | **542** | **373** |
| **Вкупно расходи** | **11.189** | **10.578** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 2 | 2 |
| Хартии од вредност | 27 | 27 |
| Активни временски разграничувања | 781 | 1.154 |
| **Вкупно тековни средства** | **810** | **1.183** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 25.027 | 23.195 |
| Материјални средства во подготовка | 22 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | **25.049** | **23.195** |
| **Вкупна актива** | **25.859** | **24.378** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски по основ на хартии од вредност | 29 | 2 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 96 | 434 |
| Краткорочни финансиски обврски | 0 | 16 |
| Обврски спрема државата и други институции | 0 | 2 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 685 | 701 |
| **Вкупно тековни обврски** | **810** | **1.155** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 25.049 | 23.223 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **25.049** | **23.223** |
| **Вкупна пасива** | **25.859** | **24.378** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2010 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2010 година** | **23.223** | **23.223** |
| Корекција од ревизијата (сторно на погрешно евидентирани Краткорочни обврски по основ на хартии од вредност-филателистички марки) | 27 | **27** |
| **Состојба 01.01.2010 година (со корекција)** | **23.196** | **23.196** |
| **Зголемување по основ на:** | **3.824** | **3.824** |
| Набавки | 254 | **254** |
| Ревалоризација на капитални средства | 3.570 | **3.570** |
| | | |
| **Намалување по основ на:** | **1.971** | **1.971** |
| Амортизација | 450 | **450** |
| Ревалоризација на амортизација | 1.521 | **1.521** |
| **Состојба 31.12.2010 година** | **25.049** | **25.049** |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ПРИРОДОНАУЧЕН МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-490/2
24.09. 2011 год.
СКОПЈЕ

**НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ПРИРОДОНАУЧЕН МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ**
Булевар Илинден 86 • Мк - 1000 Скопје 55 • Македонија • ☎ **389 02 / 3 117-669 • Факс: **389 02/3 116-453
**NATIONAL MUSEUM OF NATURAL HISTORY-SKOPJE**
Boulevard Ilinden 86 • Mk - 1000 Skopje 55 • Macedonia • ☎ **389 02 /3 117-669 • Fax: **389 02 / 3 116-453
e-mail: kontakt@prirodonaucen.com.mk

**ДО**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА - СКОПЈЕ**
**Ул.Македонија 12/3**
**1000 СКОПЈЕ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 27.09.2011
Орг. единица | Број | Вредност
21-148/0

**ПРЕДМЕТ:** Забелешки по Нацрт извештаите на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на НУ Природонаучен музеј на Македонија-Скопје, за 2010 година

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2010 година, што ја извршија ревизорите на Државниот завод за ревизија, за 2010 година, во периодот од 17.06.2011 до 24.07.2011 година, беа утврдени извесни недоследности во поглед на усогласеноста со законите и прописите на РМ, со препорака истите да бидат надминати со взаемен ангажман на надлежните органи за управувањето и раководењето на Музејот, односно Управниот одбор и Директорот на установата.
Од увидот во извештајот, констатираме дека поедини забелешки утврдени од страна на ревизијата се несоодветни, односно не упатуваат на реално објективен приказ на состојбите. Ќе се обидеме да ги елаборираме точките по редоследот како се утврдени во Нацрт извештајот. Имено,

Точка 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1.Управниот одбор на НУ Природонаучен музеј на Македонија-Скопје, на седницата од 25.02.2010 година донел одлука со која се одделувани по 10% од вкупно доделените финсиски средства за режиски трошоци од секој проект поединечно. Одделените средства од секој проект посебно се пренаменети за покривање на трошоците за тековното работење на установата ( исплата на ф-ри за комунални услуги: струја, вода, телефон и др.) од причина што доделените материјални финансиски средства од страна на ресорното Министерство за култура, не беа доволно за да бидат подмирувани сите тековни потреби на установата. Во таква ситуација Управниот одбор на Музејот како орган на управување што ја креира деловната политика на установата и ги утврдува политиката и принципите за работа и развој на установата, согласно Законот за култура ( член 35,став 1, т.2) и согласно член 19, став 1, т.2 од Статутот на установата донел одлука за одделување на 10% од одобрените проекти. Впрочем и реализацијата на проектите би била доведена во прашање во услови кога установата не е во состојба да ги задоволи елементарни потреби за

нормално функционирање. Одделените финансиски средства **се утврдени** и во Финансискиот план на установата, што е усвоен од страна на Управниот одбор. **Наше мислење е дека никако не може да се толкува дека Одлуката на Управниот одбор придонела и можела да влијае на квалитетното и навремено реализирање на проектите утврдени со Програмата за работа на установата, особено од аспект на обезбеденост на финансиски средства за реализација на проектите и во ситуација кога 747.000,00 денари од одобрените финансиски средства како што утврди и ревизијата се вратени во буџетот на РМ на крајот на фискалната 2010 година**. Поради наведеното не може да стане збор за погрешна и неисправно донесена одлука од Управниот одбор на установата. **Освен тоа, на барање на Министерството за култура од страна на установата е доставен Преглед на проекти кои нема да бидат реализирани целосно, со утврдени износи на суми што нема да бидат побарувани од Министерството за култура до крајот на фискалната 2010 година ( остаток од 30% до целосна реализација), што нема да бидат реализирани во 2010 година, согласно Програмата за работа на установата. ПРИЛОГ: Писмен акт бр.515/2 од 26.10.2010 година-фотокопија во еден примерок**.

3.1.2. Ревизијата во извештајот констатирала дека од редот на вработените е именуван работоводен орган, ВД директор на установата ( до завршувањето на постапката по распишан конкурс, но не подолго од шест месеци). Истото лице е именувано за ВД директор уште два пати до истекот на шест месеци, со решение од 01.09.2009 година и со решение од 01.03.2010 година.
Согласно со член 30, став 1 од Законот за култура, конкурсот за директор го распишува Министерството за култура. Не би сакале да коментираме документ, односно решение за именување на ВД директор на установата издадено од министерот за култура, но само по себе се наметнува едно прашање : Што ќе се случи ако на објавениот конкурс од страна на Министерството за култура, за директор на установата не се пријави ниту еден кандидат за директор, или пак пријавените кандидати не ги исполнуваат условите и слично. Дали установата треба да функционира без директор.
3.3. Користење на средствата согласно законските прописи
Јавни набаки

3.3.1. Од извршениот увид во евиденциите за спроведените постапки со барање за прибирање на понуди и досиејата од спроведените постапки за јавни набавки кај дел од нив утврдени се поединечни неправилности од страна на ревизијата, како:

Дека Планот за јавни набавки на установата не е донесен во законски предвидениот рок, туку со задоцнување и дека истиот не е усвоен и потпишан од страна на Управниот одбор на Музејот. Планот за јавни набавки на установата е донесен од страна на директорот на Музејот , како одговорно лице според општиот поимник за јавни набавки, што е утврдено со член 3, став 1, точка 25 од Законот за јавни набавки**. Откако беше потпишан договорот**

**за финансирање на проекти/програма од национален интерес во културата за 2010 година со Министерството за култура број 03-116/2 од 09.03.2010 година,** донесен е и Планот за јавни набавки на установата од страна на договорниот орган-директорот, согласно законот. **Согласно одредбите на Законот за јавни набавки ( член 26, став 1), откако ќе бидат утврдени изворите на финансирање, договорниот орган ( според општиот поимник за јавни набавки: директорот на установата ( член 3, став 1, точка 25 од ЗЈН) донесува План за вкупните потреби за јавни набавки во тековната година по видови на стоки, услуги и работи според општиот поимник за јавни набавки.** Значи, Планот за јавни набавки го донесува директорот на Музејот како одговорно лице. Согласно ЗЈН, Управниот одбор нема никави овластувања во овој поглед, освен што го усвојува Финансискиот план за јавни набавки во кој се утврдени севкупните потреби на установата. Врз основа на усвоениот Финансиски план, е донесен Планот за јавни набавки на Музејот од страна на одговорното лице, односно директорот на установата.

Врз основа на наведеното

ПРЕДЛАГАМЕ

Наведените точки да бидат преиспитани и избришани од Нацрт извештајот на Овласетниот државен ревизор и истите да не бидат ставени во конечниот извештај.

Д И Р Е К Т О Р,

Исмет Мехмети

## ОДГОВОР
## на забелешките по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

На Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на НУ Природонаучен музеј на Македонија – Скопје за 2010 година добиени се забелешки од директорот на установата под бр. 03-490/2 од 24.09.2011 година, заведени во Државниот завод за ревизија под бр. 21-148/8 од 27.09.2011 година.

Овластениот државен ревизор ги разгледа доставените забелешки на Нацрт извештајот и по истата се произнесе како што следува:

1. Доставената забелешка на **точката 3.1.1.** која се однесува на Одлуката од Управниот одбор на Установата со која треба да се одделуваат по 10% од вкупно доделените средства за режиски трошоци од секој проект поединечно и истите да се пренаменат за покривање на трошоците за тековно работење на Музејот, **не се прифаќа,** бидејќи не дава издржани аргументи за оправданоста од донесување на таквата Одлука. Исто така и приложениот допис со кој до Министерството за култура е доставен Преглед на проекти кои нема да бидат реализирани целосно во 2010 година, не е во прилог на забелешката на наодот со кој ќе се оспори утврдената состојба бидејќи не укажува на тоа дека остатокот на средствата од 30% наменети за проекти, Музејот може да ги користи за покривање на тековните трошоци, туку дека истите Музејот нема да ги побарува за реализација во тековната 2010 година.

2. Доставената забелешка на **точката 3.1.2.** која се однесува на повторно именување вршител на должност директор на Установата, **не се прифаќа**, имајќи предвид дека Министерството за култура не постапило согласно член 33 став 3 и 4 од Законот за културата според кој вршителот на должноста директор, се именува до изборот на директор на установата, а најдолго за шест месеци. За таа цел Министерството за култура треба веднаш по именувањето на вршител на должноста да распише конкурс за директор како би се завршила навремено постапката за нов избор.

3. Доставената забелешка на **точката 3.3.1.** која се однесува на ненавремено донесување на годишниот план за јавни набавки во законски предвидениот рок, и истиот не е усвоен од страна на Управниот одбор, **не се прифаќа**, бидејќи образложението на одговорното лице на установата не содржи релевантни аргументи кои ќе го оспорат наодот на ревизијата. Одговорното лице во забелешката наведува свое толкување на одредбите од Законот за јавни набавки во врска со поимите: договорен орган и одговорно лице, кои не се однесуваат на суштината на наодот од ревизијата. Согласно член 26 став 1 од ЗЈН Годишниот план за јавни набавки го донесува договорниот орган. Од друга страна пак,

согласно Статутот на установата, Управниот одбор е орган на управување со надлежности да донесува документи во врска со финансиското работење. Во тој контекст одговорното лице на установата може да го потпише, односно донесе планот за јавни набавки, но по претходна согласност/одлука за негово прифаќање од страна на Управниот одбор.

Скопје, 06.10.2011 година

---

| | |
|---|---|
| Ревизорски тим: | Овластен државен ревизор |
| 1.__________________ | |
| 2.__________________ | ______________________ |